# НАОД И МИСЛЕЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">НАРАЧАТЕЛ НА ВЕШТАЧЕЊЕ<br>[redacted]</td></tr>
<tr><td>Судски или Основно Јавно Обвинителство број<br>[redacted]<br>[redacted]</td><td>Број на барање</td></tr>
<tr><td>Датум на вештачење<br>[redacted]</td><td>Датум на завршување<br>[redacted]</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вешто лице:<br>[redacted]</td></tr>
</table>

Размножување на извештајот освен во целост не е дозволено.

Врз основа на барање за дополнително вештачење поднесено од полномошникот на сопственикот [redacted] до [redacted] вешто лице со лиценца од областа на шумарство, го изготвив следниов:

# НАОД

## I. Општи одредби

## 1. Датум, место и присутни на вештачењето

Вештачењето е извршено на ден [redacted] во просториите на ЈП Национални Шуми подружница [redacted]

## 1. Предмет на вештачење.

Да се утврди процедурата за поднесување на барање на странката [redacted] за извршена сеча за катастарска парцела [redacted] за сеча од [redacted] и катастарска парцела [redacted] за 2021 и 2022 година и двете парцели се наоѓаат во катастарска општина [redacted] Т.Е. да се даде одговор на следните прашања:

-Дали во прилог на документацијата има со кое [redacted] го има овластеноЛицето [redacted] од [redacted] во негово име и на негова сметка да ги потпише барање на сеча , за сеча на парцелата [redacted] од 2022 и за парцелата [redacted] за 2021 и 2022 година?

-На кој начин ЈП Национални Шуми [redacted] [redacted] ги издало одобренијата за сеча доколку се утврди не издал полномоштво [redacted] за да истиот ги поднесе и потпише барањата за одобрение за сеча за горе наведените парцели( [redacted] и дали ЈП има право да издава одобрение за сеча , ако нема согласност од сопственикот и ако сопственикот не овластил некој да ги потпише барањата за сеча во негово име?

-Доколку во предметот има издадено полномоштво, [redacted] према трето лице да се утврди за кои дејствија истиот го издал полномошното и за која година и дали истото е заверено кај нотар?

-Дали од лицето [redacted] е платена шумска такса по метар кубен?

-На кој начин ЈП Национални Шуми подружница [redacted] ги издало испратниците за сеча и дали има законски пропишана процедура како се издаваат истите

-според законските норми, и дали според законските норми истите требало да му ги врачат лично на сопственикот?

-Кој го вршел маркирањето на шумата , со оглед на тоа дека се работи за високостеблена шума , и истото треба да се изврши од страна на инженер вработен во ЈП?

-Дали ЈП поседува образец согласно правилникот за видот на сеча ?

-Вештото лице да изврши пресметка на штетата во паричен износ за сеча на парцелата [redacted] за 2022 година и [redacted] за 2021 и 2022 година.

- Доколку во предметот има издадено полномоштво, од [redacted] према трето лице да се утврди за кои дејствија истиот го издал полномошното и за која година и дали истото е заверено кај нотар

Во увидот на списите не затекнав овластување во досието за парцелата [redacted] а за КП [redacted] Немав Увид во досието . Од страна на Одг. Лице [redacted] ми беше кажано дека „го затуриле предметот" иако имаат законска обврска ,согласно законот за архивско работење, да го чуваат документот.

## II. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

На база на доставеното барање од полномошникот на [redacted] адв. [redacted] и на база на увидот во техничка документација, при увидот во просториите на ЈП Национални Шуми подружница [redacted] увидот го извршив во присуство на лицето [redacted] кој е вршител на должност референт за одобрување на сеча од приватни сопственици на шумата, иако е запослен во Јавното претпријатие како Референт по сеча, дотур и превоз. Причината е тоа што одговорниот инженер [redacted] која работела на таа проблематика заминала во пензија.и раководителот на подружницата не добил одобрување за вработување на соодветен кадар според нивно кажување.

Што се однесува до прашањата на полномошникот на тужителот ги давам следните одговори истите се поткрепени со фотографии од предметот , кои ги доставувам во прилог:

**Дали во прилог на документацијата има со кое [redacted] го има овластено лицето [redacted] во негово име и на негова сметка да ги потпише барање на сеча , за сеча на парцелата 107 од 2022 и за парцелата [redacted] за 2021 и 2022 година?**

За парцела [redacted] за одобрение за сеча за 2021 и 2022 година

Лицето [redacted] 2022 добива одобрение за сеча во количина од 48 м3 огревно дрво Бука . Одобрението за сеча е потпишано од страна на дипл.шум.инг. [redacted] како

барател се јавува лицето [redacted] кој има уплатено такса на поднесеното барање за сеча во приватни шуми на датум [redacted] година.

Во 2021 година за КП 1[redacted] има добиено одобрение за сеча за 150 м3 издадено на [redacted] од дипл.шум.инг. [redacted] . Лицето [redacted] лично ги има потпишано барањето за одобрение за сеча и уплатено уплатниците на [redacted] година.

Во прилог на барањето има Геодетски елаборат изработен од фирмата [redacted]

За потписот на странката не можам да дадам мислење заради тоа што тоа не спаѓа во мојот домен на стручноста, Вешто лице Графолог треба да даде мислење за таа проблематика.

За парцела [redacted] од страна на лицето [redacted] бев известен дека предметот е затурен и дека не можат да го најдат досието од барањата за одобрение за сеча, и дека целата документација ја имаат пратено на овластеното лице [redacted] која на мое барање ми ја има доставено во скенирана форма. Одобрението за сеча издадена од ЈП Национални Шуми [redacted] за 2022 година биле одобрени 198 м3 а согласно испратниците од МЗШВ има извезени [redacted]

Бидејки го нема досието за барањето за сеча неможе да се констатира кој е барател ниту кој ја уплатил таксата по метар кубен, или дали лицето [redacted] го има овластено споменатото лице [redacted] од [redacted] во негово име и на негова сметка да ги потпише барање на сеча , воглавном одобрението за сеча гласи на името [redacted] кое го доставувам во прилог .потпишано од страна на дипл.шум.инг.[redacted]

**На кој начин ЈП Национални Шуми [redacted] [redacted],ги издало одобренијата за сеча доколку се утврди не издал полномоштво на [redacted] за да истиот ги поднесе и потпише барањата за одобрение за сеча за горе наведените парцели[redacted] и дали ЈП има право да издава одобрение за сеча , ако нема согласност од сопственикот и ако сопственикот не овластил некој да ги потпише барањата за сеча во негово име?**

Лицето [redacted] за 2022 добива одобрение за сеча во количина од 48 м3 огревно дрво Бука . Одобрението за сеча е потпишано од страна на дипл.шум.инг. [redacted] како барател се јавува лицето [redacted] кој има уплатено такса на поднесеното барање за сеча во приватни шуми на датум [redacted].

За 2021 има добиено за КП [redacted], има добиено одобрение за сеча за 150 м3 издадено на 01.07.2021 од дипл.шум.инг[redacted] Лицето [redacted] лично ги има потпишано барањето за одобрение за сеча и уплатено уплатниците на 19.07.2021 година.

За Парцелата [redacted] веќе напоменав дека при извршениот увид не го затекнав досието па не можам да утврдам кој го поднел досието и на кој начин . Согласно позитивните законски прописи(закон за шумите и актуелните правилници) барањето за одобрение за сеча се издава на актуелниот сопственик или на лице што тој официјално го овластил( се подразбира овластување заверено од нотар или адвокат)

**Дали од лицето [redacted] е платена шумска такса  по метар кубен?**

Лицето [redacted] ги уплатил средствата за парцелата [redacted] за сечата 2021 за 150 м3 на уплатницата [redacted].

За 2022 г. за 48 м3 на има уплатено такса на поднесеното барање за сеча во приватни шуми на датум [redacted] година .

За Парцелата [redacted] веќе напоменав дека при извршениот увид не го затекнав досието.

**Кој го вршел маркирањето на шумата , со оглед на тоа дека се работи за високостеблена шума , и истото треба да се изврши од страна на инженер вработен во ЈП?**

По кажување на лицето [redacted] марк[redacted]ето на стеблата го има извршено дипл.инг по шумарство [redacted] во негово присуство, и присуство на барателот за одобрение за сеча [redacted] и споменуваното лице [redacted] покрај тоа што го извршила маркирањето го има и потпишано одобрението за сеча.

**Дали ЈП поседува образец согласно правилникот за видот на  сеча ?**

Јавното претпријатие според мое мислење ги има прилагодено обрасците согласно законската регулатива( барање за сеча , Одобрение за сеча  и сл)

**Вештото лице да изврши пресметка на штетата во паричен износ за сеча на парцелата 107 за 2022 година и 126/2 за 2021 и 2022 година**

Пресметка на штетата можам да го направам на база на вештиот наод и мислење од вештакот Лила Митевска кој е направен на лице место на датум [redacted] година и која всушност преставува разлика од одобрената сеча за КП [redacted] за 2021 година и 2022 год. и [redacted] за 2022 година и затекната состојба од вештото лице дипл.шум.инг.[redacted] при увидот извршен на  15.07.2023 кое го доставувам во прилог на оваа дополна  утврдена е штета од 481,56 м3 разликата на парцелата [redacted] за кое имаат издадено одобрение за сеча за 2021 и за 2022 година од 198 м3  и 192,9 м3     изнесува 90,66 м3

. Утврдена е следната структура:

30% техничко дрво-27,20 м3 х 9000 ден/м3= 244.800 ден

60% огревно дрво- 54,40 м3 х 7000 ден/м3=380.800 ден.

10% отпадок од сеча -9,06 м3 х 4000 ден/м3=3.626 ден.

ВКУПНО                90,66 м3                = 629.226 денари

Согласно„ правилник за висина на штети во шума" (сл.весник на РМ 75/2010) .

Вредноста на сортиментите кои добиле одобрение за сеча а кои според одобренијата изнесуваат за двете парцели вкупно 390,9 м3 огревно дрво (ЈП Национални Шуми подружница [redacted] дава одобрение за сеча само за огревно дрво) ќе се пресметува согласно актуелниот ценовник на ЈП Национални Шуми бр.02-656/2 од 01.11.2024 год.паритет ф-ко шумски склад(бидејки стеблата се посечени) изнесува 3024 ден/м3 или вкупно 1.182.082 денари кога ќе ја додадеме вредноста 90,66 м3 сортименти кои биле посечени бесправно од непознат сторител со вредност од 629.226 денари добиваме вкупна вредност на посечени сортименти од

**1.811.308 денари.**

## III. МИСЛЕЊЕ

-На база на доставеното барање од полномошникот на лицето [redacted], и на база на увидот во техничка документација, при увидот во просториите на ЈП Национални Шуми подружница [redacted]увидот го извршив во присуство на лицето [redacted] кој е вршител на должност референт за одобрување на сеча од приватни сопственици на шумата иако е запослен во Јавното претпријатие како Референт по сеча, дотур и превоз. Причината е тоа што одговорниот инженер [redacted] која работела на таа проблематика заминала во пензија.и раководителот на подружницата не добил одобрување за вработување на соодветен кадар според нивно кажување.

-По кажување на лицето [redacted] маркирањето на стеблата го има извршено дипл.инг по шумарство [redacted] во негово присуство, и присуство на барателот за одобрение за сеча и спменуваното лице [redacted] [redacted] покрај тоа што го извршила маркирањето го има и потпишано одобрението за сеча

-Јавното претпријатие според мое мислење ги има прилагодено обрасците согласно законската регулатива( барање за сеча , Одобрение за сеча и сл)

- Лицето [redacted] ги уплатил средствата за парцелата [redacted] за сечата 2021 за 150 м3 на уплатницата на [redacted] година.

- За 2022 г. за 48 м3 на има уплатено такса на поднесеното барање за сеча во приватни шуми на датум [redacted] година .

- За Парцелата [redacted] веќе напоменав дека при извршениот увид не го затекнав досието. Но претпоставка е дека штом е добиено одобрение за сеча платена е и таксата немам обезбедено докази кој ја платил таксата.

- Извршив увид во досието [redacted] к[redacted] за одобрување за сеча за 2021 и 2022 година додека за кп [redacted] досието не беше достапно според кажувањето на одговорното лице досието се изгубило од неразјаснети причини. документацијата за [redacted] ја обезбедив електронски и тоа само одобрението за сеча и издадените испратници за превоз од МЗШВ од [redacted] .

- Одобрението за сеча издадена од ЈП Национални Шуми [redacted] за 2022 година биле одобрени 192,9 м3 а согласно испратниците од МЗШВ има извезени 147 м3.

- Барањето за одобрение за сеча се издава на актуелниот сопственик или на лице што тој официјално го овластил( се подразбира овластување заверено од нотар или адвокат)

- Пресметка на штетата можам да го направам на база на вештиот наод и мислење од вештакот [redacted] кој е направен на лице место на датум 15.07.2023 година и која всушност преставува разлика од одобрената сеча [redacted] за 2021 година и 2022 год. и КП [redacted] за 2022 година и затекната состојба од вештото лице дипл.шум.инг.[redacted] при увидот извршен на [redacted] го доставувам во прилог на оваа дополна утврдена е вкупна сеча од 481,56 м3 разликата на парцелата [redacted] за кое имаат издадено одобрение за сеча за 2021 и за 2022 година од 198 м3 и 192,9 м3 изнесува 90,66 м3

. Утврдена е следната структура:

30% техничко дрво-27,20 м3 х 9000 ден/м3= 244.800 ден

60% огревно дрво- 54,40 м3 х 7000 ден/м3=380.800 ден.

10% отпадок од сеча -9,06 м3 х 4000 ден/м3=3.626 ден.

ВКУПНО 90,66 м3 = 629.226 денари

Согласно„ правилник за висина на штети во шума" (сл.весник на РМ 75/2010) .

- Вредноста на сортиментите кои добиле одобрение за сеча а кои според одобренијата изнесуваат за двете парцели вкупно 390,9 м3 огревно дрво (ЈП Национални Шуми подружница [redacted] дава одобрение за сеча само за огревно дрво) ќе се пресметува согласно актуелниот ценовник на ЈП Национални Шуми бр.02-656/2 од 01.11.2024 год.паритет ф-ко шумски склад(бидејки стеблата се посечени) изнесува 3024 ден/м3 или вкупно 1.182.082 денари кога ќе ја додадеме вредноста 90,66 м3 сортименти кои биле посечени бесправно од непознат сторител со вредност од 629.226 денари добиваме вкупна вредност на посечени сортименти од

**1.811.308 денари.**

Вешто лице:

д[redacted]

број на лиценца

[redacted]

Издадена на [redacted] год.

# IV. ПРИЛОГ